ОПШТИНА НЕГОТИНО
Бр. 11-342/7
21.07.2023 година
Неготино

Врз основа на член 45 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/2020), Општина Неготино објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за избор на изработувач на урбанистички проект**

Општина Неготино објавува јавен повик за изработување на:

Урбанистички проекти за градежно земјиште за општа употреба, со кои се врши урбанистичко-архитектонско обликување на јавни простори, како што се пешачки простори и улици и други простори за јавна употреба за ГП бр. 4, 5 и 6 дефинирани со ДУП за дел од УБ 9.2, за спортско рекреативен центар, на општина Неготино) согласно член 58 став 2, точка 2 од Законот за урбанистичко планирање.

Постапката е неделива, односно понудувачот мора да даде понуда за изработка на УП за сите градежни парцели во Јавниот повик.

**1.Податоци за проектниот опфат:**

Предмет на изработка :

**1**. Урбанистички проекти за градежно земјиште за општа употреба, со кои се врши урбанистичко-архитектонско обликување на јавни простори, како што се пешачки простори и улици и други простори за јавна употреба за ГП бр. 4, 5 и 6 дефинирани со ДУП за дел од УБ 9.2, за спортско рекреативен центар, на општина Неготино) согласно член 58 став 2, точка 2 од Законот за урбанистичко планирање.

Површина на проектен опфат и детални податоци за градежните парцели, кои се предмет на детална разработка:

**Градежна парцела 5**
- основна класа на намена – Д3 – спорт и рекреација
- катност =П+1
- максимална висина до венец=15м
- основна класа на намена Д3 со можност за компатибила класа на намена според параметрите дадени во табелата,
- предвидената површина за градење на повеќе објекти задолжително да се разработи со изработка на Архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,151/07,91/09,124/10,53/11).
- Потребите за паркирање ќе се решаваат во рамки на сопствената парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, а потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 61 од

Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на рМ бр. 63/12).
□ Колски пристап од Новопланирана 2 и 5

| БРОЈ НА ПАРЦЕЛА | ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР.63/12) | КАТНОСТ | МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м1 | ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2 | ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА м2 | ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА м2 | КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ | ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| 5 | Д3 | А4,Б1,Б2,Б3,Б4,Б5,Б6,В3,Д1 вк.збир мах.40% | П+1 | 15.00 | 11,755 | 8,229 | 12,343 | 1.05 | 70.00% |

Во рамките на градежната парцела треба да се вклопат следните елементи:

- Езеро од 6.000 до 7.000 м2
- амфитеатар со летна сцена
- водопад.

**Градежна парцела 6**

□ основна класа на намена – Д1 – парковско зеленило
□ основна класа на намена Д1 со можност за компатибилна класа на намена според параметрите дадени во табелата;
□ партерното уредување со пешачки и озеленети површини, хортикултурно решение и режимот на опремување на пешачките површини и содржини со компатибилната намена да се разработи со изработка на Архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,151/07,91/09,124/10,53/11).
□ потребите за паркирање ќе се решаваат на јавен паркинг 1 и 2 со почитување на потребниот број на паркинг места, а потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на рМ бр. 63/12).

| БРОЈ НА ПАРЦЕЛА | ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР.63/12) | КАТНОСТ | МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м1 | ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2 | ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА м2 | ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА м2 | КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ | ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Д1 | Б1,Д3 вк.збир мах.10% | | | 23,585 | | | | |

Во рамките на градежната парцела треба да се вклопат следните елементи:

- теретана на отворено,
- скејтпарк,
- пешачка (трим патека), со дел за дел за џогирање од тартан облога,
- игралиште за домашни миленци,
- алпинистичка карпа,
- јавни тоалети (тоалети за мајки со деца, тоалети за инвалиди со обезбеден пристап)

**Градежна парцела 4**

 основна класа на намена – Д3 – спорт и рекреација
 катност =П+1
 максимална висина до венец=15м
 основна класа на намена Д3 со можност за компатибила класа на намена според параметрите дадени во табелата,
 предвидената површина за градење на повеќе објекти задолжително да се разработи со изработка на Архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,151/07,91/09,124/10,53/11).
 потребите за паркирање ќе се решаваат на јавен паркинг 1 и 2 со почитување на потребниот број на паркинг места, а потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на рМ бр. 63/12).
 Колски пристап од Новопланирана 5

| БРОЈ НА ПАРЦЕЛА | ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР.63/12) | КАТНОСТ | МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м1 | ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2 | ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА м2 | ВКУПНО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА м2 | КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ | ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Д3 | А4,Б1,Б2,Б3,Б4,Б5,Б6,В3,Д1 вк.збир мах.40% | П+1 | 15.00 | 15,763 | 11,034 | 16,551 | 1.05 | 70.00% |

Во рамките на градежната парцела треба да се вклопат следните елементи:

- спортско игралиште.

## 1.1. Поедини елементи кои треба да се вклопат во рамките на целокупната површина:

- осветлување,
- партерно уредување на зелени површини со ниско стеблести и високостеблести растенија,
- поставување на нова урбана опрема (чешми, клупи, корпи за отпадоци, детско игралиште),
- Пешачка патека

## 2.Период на изработка на Урбанистичките проеки:

По добивање на налог од општина Неготино со извод од план и Ажурирана подлога, веднаш да се достават барања за податоци и информации согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање.

- 15 дена за изработка на Урбанистичкиот проект по добиени податоци и информации од институции, установи и правни лица со јавни овластувања од член 47 од Законот за урбанистичко планирање.
- 5 дена за корекција на УП доколку е потребно по сите фази и корекции во текот на изработката.

**3.Потребна документација за докажување и исполнување на критериуми**:

На јавниот повик можат да се пријават правни лица со важечка лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20) или Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, .........168/18) и правни лица кои ги исполнуваат пропишаните услови за вршење на дејноста проектирање согласно со Законот за градење(Службен весник на Република Македонија бр.130/09……… 227/22).
За докажување на овој услов се доставува Копија од важечка лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20) или Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, .........168/18) или копија од важечка лиценца за проектирање согласно согласно Законот за градење(Службен весник на Република Македонија бр.130/09……… 227/22).

**Документација за докажување и исполнување на критериуми:**

**3.1** Како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, правното лице да достави доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка односно треба да достави Документ за регистрирана дејност - образец ДРД или потврда за регистрирана дејност.

**3.2** При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на понудувачот се бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на набавка.

**4. Рок и начин за доставување н понудата:**
Понудите да се доставaт најдоцна до **08.08.2023 г** (вторник) до 16,00 часот преку архивата на Општина Неготино, во плик со назнака „ НЕ ОТВАРАЈ" и „ за ЈАВЕН ПОВИК бр.11-342/7

**5.Датум, време и место на отворање на понудите**:

**10.08.2023** год, во 12,30 часот, во просториите на Општина Неготино (сала на советот на Општина Неготино).

**6. Критериуми за доделување на договор на јавниот повик;**

**6.1. кадровска и техничка опременост на правното лице**

- да има вработено најмалку 1(еден) дипломиран инженер архитект - урбанист на неопределено време со овластување на изработка на урбанистички планови (листа на вработени од надлежен орган не постара од 1 месец од денот на отварање и важечки овластувања;

-да достави листа за техника опременост;

**6.2. Референтна листа за извршени работи :**

- референтна листа за извршени работи за ист или сличен предмет на работи од последните 3 години;

**6.3 Претходни позитивни стручни референци од подрачјето на проектниот опфат што е предмет на јавниот повик**

-најмалку 3 потврди за извршени исти или слични работи во последните 3 години;
За докажување на овој услов понудувачот во прилог на понудата да ја достави референтната листа за изработени и одобрени урбанистички проекти во последните 3 години и референци (потврди) за изработени и одобрени урбанистички планови и проекти во последните 3 години, издадени од страна на надлежните органи за донесување/одобрување на урбанистички планови и проекти.

**6.4 Понудена организација и методологија на изработка на работите;**

-динамичен план со рокови на активности во денови пропишани со законската регулатива;

**6.5 Финансиска солвентност;**

-да остварил позитивен финансиски резултат за последните 2 години со доставување на извештај за биланс на успех или завршна сметка заверени од надлежен орган.;

**6.6 Вредност на понудата да биде согласно Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.140/2021).**
Понудувачот треба да ги внесе единичните цени и вкупната цена на набавката во предмерот од Прилог 1.

Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно. Понудата не е деллива.

**Начин на плаќање:** Вирмански, по доставена фактура за извршена услуга во рок од 60 дена. (**50% по доставувањето на предлог УП и 50% по донесување на урбанистичкиот проект**).

**Понудите кои не се предадени во определениот рок, како и оние кои не ги содржат сите потребни елементи согласно условите на повикот, нема да бидат разгледани.**

**Понудите ќе бидат оценувани комисиски по основ на следните критериуми:**

- Цена на изработка на услугите (**60 бода**);

-број на вработени архитекти инженери и инженери од други области релевантни за урбанистичко планирање. **(10 бода, 1-2 вработени -3 бода, 3-4 вработени 6 бода, и повеќе од 5 вработени 10 бода)**;

- Број на стручни референци за извршени исти или слични работи во последните 3 години, бодувањето ќе се врши врз основа на потврди издадени од страна на надлежните органи за донесување/одобрување на урбанистички планови и проекти (**20 бода; 3-5 референци-10 бода, од 6-10 референци -15 бода, повеќе од 10 референци 20 бода );**

-рок за извршување на активностите. (**10 бода, отстапки повеќе од 6 дена од наведените-3 бода, отстапки од 3-6 дена од наведените-6 бода, прифаќање на наведените рокови -10 бода** );

***Напомена: Понудувачот во планот и динамиката за извршување на услугите да наведе реални рокови за исполнување на секоја од законските постапки до донесувањето на УП. При склучувањето на договорот ќе биде предвидена договорна казна во висина од 0,05% од вредноста на услугата за секој ден задоцнување со исполнување на услугата.***

**За дополнителни информации, контакт лице: Весна Ѓорчева тел.071 249 -125**
**e-mail: vesnagorceva@gmail.com**

**ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**Градоначалник**
**Горан Стојанов**

**ПРИЛОГ 1**

| Ред. бр | Предмет на изработка | Површина на ГП $M^2$ | Цена без ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба, со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на јавни простори, како што се пешачки простори и улици и други простори за јавна употреба за **ГП бр.4** дефинирана со ДУП за дел од УБ 9.2, за спортско рекреативен центар, на општина Неготино) согласно член 58 став 2, точка 2 од Законот за урбанистичко планирање, со вклучен идеен проект со сите фази | 15,763 | | |
| 2 | Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба, со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на јавни простори, како што се пешачки простори и улици и други простори за јавна употреба за **ГП бр.5** дефинирана со ДУП за дел од УБ 9.2, за спортско рекреативен центар, на општина Неготино) согласно член 58 став 2, точка 2 од Законот за урбанистичко планирање, со вклучен идеен проект со сите фази | 11,755 | | |
| 3 | Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба, со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на јавни простори, како што се пешачки простори и улици и други простори за јавна употреба за **ГП бр.6** дефинирана со ДУП за дел од УБ 9.2, за спортско рекреативен центар, на општина Неготино) согласно член 58 став 2, точка 2 од Законот за урбанистичко планирање, со вклучен идеен проект со сите фази | 23,585 | | |
| Вкупна цена за изработка на Урбанистичките проекти без ДДВ:<br><br>Вкупна цена за изработка на Урбанистичките проекти со ДДВ: | | | | |